Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 167/03 06
07.05 2018 год.
Скопје

04.05.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30 април 2018 година, врз основа на примена жалба од Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници – Маргини“, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет порталот „Република“ со колумната насловена „Културниот марксизам на Алаѓозовски: ЛГБТ+УЧК+исламисти“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 10 и 11.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 19 март 2018 година, Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници – Маргини“, поднесе жалба за колумната насловена „Културниот марксизам на Алаѓозовски: ЛГБТ+УЧК+исламисти“, објавен на 19 февруари 2018 година, на интернет порталот „Република“ (www.republika.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи навреда и клевета, дискриминација, вознемирување и говор на омраза врз основа на сексуална ориентација, родов идентитет и етникум.

Во жалбата се посочува дека колумната е хомофобична и албанофобична и дека од самиот нејзин наслов била видлива намерата за креирање слика дека ЛГБТ заедницата во Македонија е непријател број еден на македонскиот народ.

*„Авторот во колумната ја проблематизира поддршката на промоција на културата на ЛГБТ луѓето и културата на албанската етничка заедница (но, манипулативно ги користи термините „УЧК“ и „исламисти“) од страна на Министерството за култура. Наративот на поистоветување и споредување на ЛГБТИ луѓето и етничките Албанци, со кои се дехуманизираат и двете групи и се претставуваат како најголема закана за македонскиот т.н национален интерес, кој се дефинира исклучувачки, како интереси и потреби само на етничките хетеросексуални конзервативни Македонци од христијанска вероисповест, често се појавува во медиумите кои веќе традиционално користат говор на омраза“*, се вели во поднесената жалба на Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници – Маргини“.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Република“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Република“ не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на содржината е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 10 и 11.

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

***Член 11:*** *„Новинарот ќе се придржува и на општо прифатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија.“*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 30 април 2018 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина. Тие, најпрво, заклучија дека не можат и немаат право да ги утврдуваат фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е, единствено, да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, утврдија дека авторот на колумната тенденциозно се обидува да им даде политичка заднина и да ги поврзе прашањето на ЛГБТ заедницата со прашањето на албанската заедница во Македонија, како наводно привилегирани заедници при распределбата на средствата за развој на културата од страна на Министерството за култура.

Слободата на говорот е неприкосновена и, секако, дека го вклучува правото на новинарите да критикуваат одлуки на власта, во случајов, одлуката на Министерството за култура да поддржи проекти на одредени заедници. Но, јазикот на новинарот никако не смее да излезе од границите на слободата на изразување, на начин што преку проблематизирање на политички одлуки ќе наметнува сугестивно мислење, кое во себе содржи елементи што можат да поттикнат дискриминација по различна основа. (во случајов сексуална, полова, верска ориентација).

Оттука, Комисијата најде дека во текстот е прекршен членот 10 од Кодексот на новинарите, во кој, посебно, се издвојуваат следните два пасуса од колумната:

***„Е сега, покрај ЛГБТ луѓето, Алаѓозовски ги финансираше и исламистичките организации (тоа е култура, дури и кога е претставено во ликот на ИСИС) кои промовираат сунет, а во исто време не смогна сили 1 денар да издвои за христијански организации – иако над 70% од граѓаните на Репблика Македонија се изјаснуваат за христијани и се апсолутно мнозинство, сепак за нив немаше ништо“.***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***„Се соочуваме со ситуација во која пари од министерството добиле: хомосексуалци, исламисти, албански националисти и комунисти како Никола Гелевски! А ништо не добиле само оние кои мнозински партиципираат во полнењето на Буџетот на Република Македонија – тоа се Македонците, Христијани“.***

Во согласност со членот 10 од Кодексот на новинарите, медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар), кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предзвика непријателство или омраза кон некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток, итн.

Во продолжение, Комисијата утврди дека во колумната е прекршен и членот 11 од Кодексот, според кој новинарот ќе се придржува и на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија. Членовите на Комисијата најдоа дека прекршувањето на ова начело особено е нагласено во следната реченица:

***„Простете на бизарниот речник, но тоа што на некој му е убаво да прима машки полов орган во неговиот анален отвор нема никаква врска со култура, дразнењето на неговата простата кое создава ерекција е чиста биологија“.***

Во согласност членот 11 од Кодексот на новинарите, новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува. Професионалниот новинар никогаш нема да зборува за личности врз основа на стереотипи и предрасуди за расата, полот, возраста, религијата, етничката припадност, сексуалната ориентација, телесниот недостаток, физичкиот изглед или социјалниот статус.

**При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:**

***** Препораката CM/Rec(2010)5 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите-членки во врска со мерките за борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Во точката Б. од препораката, посветена на говорот на омраза се вели: „Државите - членки е неопходно да преземат мерки за борба против сите видови на изразување во медиумите и на интернет за кои може да се добие впечаток дека го предизвикуваат ефектот на поттикнување, ширење и промовирање на омраза и други видови на дискриминација против лезбејки, геј, бисексуалци и трансродови лица“. Сите мерки треба да го почитуваат основното право на слобода на изразување во согласност со членот 10 од Конвенцијата и судската пракса на Судот.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој забранува вознемирување како облик на дискриминација врз дискриминаторска основа (во случајов сексуална ориентација).

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Република“ (www.republika.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија * ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595